АПЕЛАЦИОНЕН СУД
Су.бр.1009/2023
14.09.2023 година
Ш Т И П

Судскиот администратор на Апелационен суд Штип Александар Парчеклиев, врз основа на чл.43 ст.1 од Законот за судска служба (Сл.весник бр.43/14, 98/15, 6/16, 198/18, 248/18 и 235/22)) по спроведената постапка по Интерен оглас бр.1/23, за унапредување на судски службеник, за работно место и звање Виш судски референт-доставувач - 1 ( еден ) извршител, по доставениот Предлог-одлука за избор на кандидат за унапредување Су.бр.952/2023-4 од 13.09.2023 година, на ден 14.09.2023 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

За работно место со звање Виш судски референт - доставувач категорија Г, ниво Г2, 1 (еден) извршител, се избира кандидатот:

1. Гоце Колев, со освоени 25,35 бода

За избраниот кандидат по конечноста на одлуката ќе се донесе решение за унапредување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на Апелациониот суд во Штип на веб страната на судот и на огласна табла на судот, на ден 01.09.2023 год. објавен е Интерен оглас бр.1/23, за унапредување на судски службеник, за работно место и звање Виш судски референт-доставувач, категорија Г, ниво Г2, 1 ( еден) извршител, а врз основа на добиена согласност од Министерство за финансии бр.18-4039/2 од 10.03.2023 година и бр.18-4039/6 од 25.05.2023 година.

Од страна на Комисијата за селекција за унапредување согласно чл.6 ст.4 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас доставена е Предлог-одлука за избор на кандидат за унапредување Су.бр.952/2023-4 од 13.09.2023 год.

Со Предлог-одлука за избор на кандидат за унапредување, Комисијата за селекција за унапредување го предложи кандидатот Гоце Колев како прв на ранг листата со освоени 25.35 бода, во сите фази на селекцијата за унапредување за работното место со звање Виш судски референт доставувач, категорија со ниво Г2.

Судскиот администратор имајќи го во предвид Предлогот на Комисијата за селекција за унапредување Су.бр.952/2023-4 од 13.09.2023 година, за работното место Виш судски референт- дактилчограф, категорија со ниво Г2 го избра горе наведениот кандидат.

Поради наведеното, согласно чл.43 ст.1 од Законот за судска служба, следуваше да се одлучи како во изреката на одлуката.

Судски администратор
Александар Парчеклиев с.р.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука дозволена е жалба во рок од 8 дена до Советот на судска служба.